Ново срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 126, Дата: 09. 04. 2012.

# ЧИСТЕЊЕ НА ПРАЧКИТЕ

*„Јас Сум вистинската лоза и Мојот Татко е лозарот. Тој ја отстранува секоја прачка на Мене, што не дава плод; а ја чисти секоја, што дава плод, за да даде повеќе плод. Ако некој не остане во Мене, тој ќе биде исфрлен надвор како прачката, која е исушена, - ги собираат, ги фрлаат во оган и ги горат. “* –Исус **(Евангелие според Јован 15:1-2,6)**

Во евангелието според Јован, во 15-та глава, Исус нé учи дека ние сме прачките, а Тој е вистинската лоза. Небесниот Татко е лозарот и Тој има улога на оној кој ги отстранува оние прачки кои не даваат плод, но исто така, ја чисти секоја прачка што дава плод, за да даде уште повеќе плод.
Ова изгледа прилично едноставно и јасно. Но, зошто тогаш ни пречи кога поминуваме низ одредени периоди кога Бог не чисти или ги отстранува оние прачки кои не даваат плод. Токму затоа што тоа (што и да е) е дел од нас, изгледа како и останатиот дел од нас, нема ништо поинакво во изгледот, бојата и миризбата. Згора на тоа – наше е, излегува од нас, поврзано е со останатиот дел од нас,дише, станува, седи, стои, размислува и не се одвојува од нас. Ние мислиме дека тоа треба да биде таму.



Да го прикажеме тоа со пример на растенија домати. На сликата јасно се гледа дека се е зелено. Јасно е дека има плодови, лисја, прачки и се отсликува едно убаво растение кое дава плод. Меѓутоа, треба да погледнеме повнимателно и да забележиме дека помеѓу овие прачки има една која на прв поглед воопшто не е поинаква од другите. Зелена е, исто мириса, расте како и било која друга прачка, но она по што се разликува од другите е токму фактот дека **нема плод**!

Погледнете ја прачката која се издига скоро паралелно со плодната прачка. Само гледајќи ги растенијата ќе помислиме дека се е во ред, но помеѓу прачките се наоѓаат овие, лоши прачки, крадци. Тие не носат плод, но ја користат храната што му е потребна на растението да се развива, да расте и конечно од прачките да расте плод. Тие прачки треба да бидат отстранети, бидејќи му штетат на растението и земјоделецот го знае тоа. За жал, растението самото не може да се ослободи од таквите прачки, бидејќи ги смета за дел од себеси и затоа е потребна надворешна помош.



Заедно со тие прачки се отстрануваат и оние што имаат лисја, кои во почетокот се потребни, но понатаму и тие се отстрануваат за да не користат од храната што е потребна плодовите да се развиваат здраво и ние со сласт да ги јадеме.

Бог очекува ние да даваме плод и тоа многу плод! Да бидеме благодарни затоа што Бог е лозарот и не чисти од овие лоши прачки, крадци!

**Автор: Марино Моитич од Скопје**

Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com